FINANCE THINK OUT OF THE BOX
Frederik Shopen 1/2, 1000 Skopje, Macedonia
+ 389 2 6156168, www.financethink.mk   info@financethink.mk

# ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Finance Think – Институтот за економско истражување и политики, Скопје, објавува слободно работно место - **Проектен асистент** - во рамки на проектот „Премостување на јазовите помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании во Македонија“ финансиран од Европска Унија.

**За проектот**

Основна цел на проектот е "да се воспостават и/или да се подобрат врските помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании кои работат во Македонија, со цел да се зголеми конкурентноста на домашниот бизнис сектор".

1. **Главни задачи и активности на Проектниот асистент**

- Комуникација и средби со главни засегнати страни (претставници на јавни институции, работодавачи)
- Организација и спроведување на терənски активности (интервјуа и фокус групи)
- Посета на мали и средни претпријатија и мултинационални компании
- Подготовка на прашалници, водичи и извештаи
- Организација и учество на настани (обуки, тркалезни маси, форуми, и сл)
- Подготовка на содржина на визуелни производи (флаери, постери, ТВ спот, инфографикони)
- Подготовка на наративни извештаи за потребите на проектот

2. **Потребни вештини и квалификации за работната позиција**

- Универзитетска диплома во Економија
- Минимум 4-годишно работно искуство, од кои минимум 3 поминати на аналитичка позиција
- Комуникативност
- Вештини за прибирање и анализа на податоци
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на MS Office

**Ќе се смета за предност**

- Искуство во спроведување програми/проекти финансирани од ЕУ
- Искуство во соработка со домашни или мултинационални компании
- Искуство во спроведување теренски активности

3. **Ангажман**

40 часа неделно

4. **Времетраење и место**

24 месеци, со можност за продолжување на ангажманот на други проекти, во канцеларијата на Finance Think во Скопје.

Заинтересираните лица треба да испратат ЦВ и преглед на претходното работно искуство на електорнската адреса konkurs@financethink.mk најдоцна до 25 јануари 2018, 16:00. Првичната селекција ќе биде спроведена врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју.